**20261802798**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**

Врз основа на член 24 став (1) алинеа 3 и член 134 став (15) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија бр. (135/25, 269/25 и 132/26), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 14.7.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРЕНОСЛИВОСТ НА БРОЕВИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Правилникот

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот, времето, техничките услови за спроведување на преносливост на преносливите броеви и правилата за имплементирање, работење и одржување на Централната референтна база на податоци за преносливост на броеви.

### Цел на Правилникот

Член 2

Со овој Правилник се има за цел да се поттикне процесот за создавање на конкурентен пазар во областа на електронските комуникации, односно да се обезбеди преносливост на број при промена на оператор на јавна комуникациска мрежа и преносливост на број при промена на давател на комуникациски услуги помеѓу лица кои користат нумерација т. е. право на крајниот корисник да го задржи постојниот број при промена на операторот на јавна комуникациска мрежа и/или давателот на комуникациски услуги помеѓу лица кои користат нумерација во Република Северна Македонија.

### Дефиниции

Член 3

Во овој правилник, покрај дефинициите од Законот за електронските комуникации, се употребуваат и дефиниции и појаснувања со следното значење:

а) **Оператор** е оператор на јавна комуникациска мрежа;

б) **Фиксен оператор** е оператор на јавна фиксна телефонска мрежа;

в) **Мобилен оператор е оператор на јавна мобилна комуникациска мрежа;**

г) **Оператор-корисник** е давател на комуникациски услуги помеѓу лица кои користат нумерација кој пристапот до крајниот корисник го обезбедува преку изнајмување на големо на претплатничка линија од оператор. Фиксен оператор-корисник обезбедува јавни телефонски услуги со изнајмување на големо на претплатнички линии од фиксен оператор. Мобилен оператор - корисник (MVNO) обезбедува јавни телефонски услуги врз основа на склучен договор за пристап со мобилен оператор.

д) **Оператор давател** е оператор кој обезбедува пристап на краен корсник или оператор- корисник, при што неговиот краен корисник го раскинува претплатничкиот договор со него и го пренесува својот национален претплатнички број на друг оператор или оператор- корисник;

ѓ) **Оператор примател** е оператор кој обезбедува пристап на краен корисник или оператор-корисник, чиј краен корисник го пренесува својот национален претплатнички бројод друг оператор или оператор-корисник врз основа на склучен претплатнички договор за пренесување на тој број;

е) **Оператор носител на право за користење на број** е оператор и/или оператор-корисник на кој Агенцијата му има доделено броеви и серии на броеви во согласност со Планот за нумерација на јавни комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија;

ж) **Пренослив број** е национален претплатнички број во национален сигнализациски формат доделен на краен корисник врз основа на склучен претплатнички договор, со кој крајниот корисник има право да го задржи при промена на оператор или при промена на оператор-корисник во Република Северна Македонија;

з) **Пренесен број** е пренослив број што е пренесен во мрежа на друг оператор или кај друг оператор-корисник во Република Северна Македонија;

ѕ) **Централна база на податоци (ЦБП)** е база на податоци која е креирана со цел да се овозможи преносливост на броеви и содржи информации за рутирање кои се однесуваат на сите пренесени броеви. Правното лице што ја одржува базата на податоци ги обезбедува овие информации на операторите и други лица кои имаат право на тоа врз основа на закон или подзаконски акт;

и) **ЦБП систем** е систем од хардверски и/или софтверски елементи врз основа на кои функционира ЦБП;

ј) **Локална база на податоци за пренесени броеви (ЛБП)** е база на податоци која е лоцирана кај операторот, содржи податоци потребни за рутирање на повик кон пренесениот број и се употребува во реално време при воспоставување на повик кон пренесен број;

к) **Временска рамка за предавање на број** е временскиот период од 12:00 до 16:00 часот секој работен ден во кој истекува обезбедувањето на услугата од операторот давател врз основа на претходно склучен претплатнички договор со него и почнува обезбедување на услугата од страна на операторот примател врз основа на склучен претплатнички договор со пренесување на број. За време на овој период обезбедувањето на услугата може делумно или целосно да биде прекината;

л) **Рутирање на повик или други услуги** (СМС, ММС) е мрежна функција која вметнува рутирачки број што се однесува на точната дестинација на пренесениот број и го проследува повикот или другите услуги кон дестинациската мрежа на повиканата страна во случај на повици или други услуги иницирани кон пренесениот број;

љ) **Рутирање на сигнализација** е мрежна функција која ги анализира сигналите за време на рутирање на повикот или други услуги (СМС, ММС) до пренесени броеви, вметнува информација за рутирање на сигнализација која се однесува на точната дестинација на пренесениот број и ја проследува сигнализацијата до дестинацијата на пренесениот број. Сигнализациската порака што содржи адреса на Б-бројот со вклучени Код на оператор и Рутирачки код е означена со параметарот Природа на адреса (Nature of Address) со вредност 8 (NoA=8) за рутирање на повици или други услуги (СМС, ММС). Услугите што го користат SCCP протоколот за рутирање, во сигналната порака го содржат рутирачкиот број и параметарот Translation Type со вредност 0 (TT=0). Во случај на SIP сигнализацискиот протокол, во сигналната порака покрај Б бројот се содржат и рутирачкиот број и параметарот NPDI (Number Portability Dip Indicator );

м) **All Call Query** е метода на рутирање на повикот кон пренесени броеви при која појдовната мрежа пред воспоставување на секој повик врши увид во сопствената ЛБП за да утврди дали повиканиот број е пренесен. Појдовната мрежа, врз основа на рутирачкиот број добиен од ЛБП за пренесени броеви, воспоставува повик кон јавната комуникациска мрежа во која се наоѓа повиканиот број;

н) **Query on Digit Analyses** е вид на All Call Query метода за специфична серија на броеви;

њ) **Функција за пренесување на сигнализација** (Signalling Relay Function) е функција на мрежата за сигнализација која е способна да ги препознае пренесените броеви и доколку е потребно, да обезбеди дополнителна инфромација за рутирањето на сигнализациски пораки;

о) **SMS (Short Message Service)** е услуга за испраќање и прием на кратки пораки во текст формат;

п) **MMS (Multimedia Messaging Service)** е услуга на испраќање и прием на мултимедијални пораки;

р) **Рутирачки број** е број зачуван во ЦБП кој овозможува рутирање на повик или услуга (СМС, ММС) до пренесениот број, вклучува код на оператор и рутирачки код, кој што се вметнува пред пренесениот број;

с) **Код на оператор** е двоцифрено хексадецимално поле составено од првата и втората цифра во рутирачкиот број што го доделува Агенцијата кој идентификува даден оператор или пар оператор-корисник/оператор во ЦБП. Доколку операторот обезбедува комуникациски услуги помеѓу лица кои користат нумерација и преку јавна фиксна телефонска мрежа и преку јавна мобилна комуникациска мрежа, во ЦБП се идентификува со еден единствен код на оператор. Во исклучителни случаи (на пр. обединување на два или повеќе оператори во еден, купопродажба на еден од страна на друг оператор итн.) може да се користат претходно доделените кодови на оператор. Код на оператор што е доделен на оператор-корисник е единствен за парот оператор-корисник/оператор и јасно ги идентификува и операторот- корисник што ја обезбедува јавната телефонска услуга за крајниот корисник и операторот што обезбедува пристап за крајниот корисник .

т) **Рутирачки код** е двоцифрено хексадецимално поле составено од третата и четвртата цифра во рутирачкиот број кој обезбедува рутирање на повиците во рамките на мрежата на ист оператор;

ќ) **Трансакција** е активност на читање, запишување, бришење и менување на податоци во ЦБП системот со идентификатор на трансакција;

у) **Идентификатор на трансакција** е индивидуален единствен број за секоја поединечна трансакција;

ф) **-** на број е временскиот период од моментот на внесување на барањето за пренесување на број во ЦДБ системот до фактичката реализација на обазбедување на услугата од страна на операторот прималец кон пренесениот број.

## II. ПРЕНОСЛИВОСТ НА БРОЕВИ

### Обврски на операторите

Член 4

(1) Операторот, вклучително и операторот-корисник, на повикувачката страна треба да обезбеди можност за информација пред повикот да биде иницииран од неговата мрежа, со што повикувачката страна ќе биде информирана дека повиканиот број е пренесен.

(2) Операторот, вклучително и операторот-корисник, може да ја исполни својата обврска од став (1) од овој член преку:

а) Повикувачкиот број на службата за грижа за корисници и/или преку други броеви каде обезбедува информација во која мрежа е пренесен бројот, или

б) звучен сигнал пред воспоставување на повикот. Операторот, вклучително и операторот-корисник, треба да им обезбеди на своите претплатници да добијат звучен сигнал пред воспоставувањето на повик кон пренесен број. Звучниот сигнал не треба да биде пократок од 1 (една) секунда и подолг од 2 (две) секунди и е бесплатен за повикувачката страна.

(3) Фиксните оператори и фиксните оператори-корисници ќе обезбедат преносливост на претплатнички броеви помеѓу фиксните оператори и фиксните оператори-корисници во согласност со овој правилник.

(4) Мобилните оператори и мобилните оператори-корисници ќе обезбедат преносливост на броеви за јавни мобилни комуникациски услуги, помеѓу мобилните оператори и мобилните оператори-корисници во согласност со овој правилник.

(5) Операторите и операторите-корисници треба на свој трошок да ги адаптираат своите комуникациски мрежи и средства за да овозможат преносливост на броеви, како и на свој трошок да ги развиваат и унапредуваат своите комуникациски мрежи и средства согласно со зголемувањето на бројот на пренесени броеви со цел во секој момент да бидат во можност да ги исполнат обврските од член 134 на Законот за електронските комуникации.

(6) Доколку крајниот корисник го раскине договорот, операторот на јавно достапни комуникациски услуги помеѓу лица, кои користат нумерација е должен да му овозможи на крајниот корисник право на пренос на број од Планот за нумерација за електронски комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија на друг оператор во рок од 30 дена од денот на раскинувањето на договорот, освен во случај кога крајниот корисник ќе се откаже од тоа право.

(7) Преносот на бројот и неговото вклучување во мрежата на другиот оператор мора да се спроведе во најкраток можен рок. Пренесениот број во мрежата на другиот оператор мора да се вклучи во рок од еден работен ден од датумот договорен со крајниот корисник

(8) Операторот примател во име на крајниот корисник го иницира и координира целиот процес на пренос на број и раскинување на договорот кај операторот давател

(9) Операторите и операторите-корисници треба да соработуваат во интерес на обезбедување на преносливост на броеви. Операторите треба да ги наведат условите за соработка и нивните соодветни задачи и должности во нивните договори за пристап на мрежа и договорите за интерконекција. Операторите кои се обврзани да подготват референтна понуда за интерконекција треба да наведат услови за преносливост на броеви за мрежите и услугите што се предмет на референтната понуда за интерконекција.

(10) Операторите и операторите-корисници ќе обезбедат целокупна размена на податоци што се однесуваат на процедурата за пренесување на броеви, при иницирањето на пренесувањето, преку централната база на податоци (ЦБП), а во писмена форма операторот примател ќе му достави еден примерок од поднесеното барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број, во оригинал на операторот давател во рок од 5 (пет) работни дена од денот на прием на барањето, доколку операторот давател го побара тоа од операторот примател.

(11) За правилно изведување на процедурата на пренесување на броеви и соработката помеѓу операторите и операторите-корисници, истите треба да назначат лица или организациски единици за контакт кои ќе бидат достапни едни на други. Лицата или организациските единици за контакт треба да ги имаат најмалку следниве податоци за контакт резервирани за управувањето на процедурите за пренесување на броеви:

а) e-mail адреса;

б) телефонски број;

в) факс;

г) поштенска адреса.

(12) Операторите и операторите-корисници треба при поднесувањето на барањето за пренесување на број од страна на претплатниците, да го утврдат идентитетот на крајниот корисник, дали истиот има право да бара пренесување на број и да ги проверат следниве податоци:

- се утврдува личниот идентитет (име, презиме и матичен број) и доколку се работи за правно лице, соодветен доказ за ополномоштено лице за пренесување на број.

- барањето за пренесување на број треба да биде пополнето во целост, со читко испишан текст, потпишан од страна на крајниот корисник и од страна на овластеното лице на операторот

(13) Операторот примател е одговорен во целост за поднесеното барање за пренесување на број, податоците кои се напишани во барањето за пренесување на број, како и утврдувањето на идентитетот и полномоштвото за започнување на процесот за пренесување на бројот. Доколку се работи за поднесено барање за пренесување на број со лажно идентификување на крајниот корисник, констатирано од Операторот давател и надлежен орган, или без соодветно полномоштво, Операторот примател ќе ја сноси направената штета во целост кон операторот давател и крајниот корисник.

(14) Во случај на одбивање на барање за пренесување на број, операторот давател е одговорен во целост за проверување на податоците од поднесеното барање.

**Рутирање на повик и други услуги и рутирање на сигнализација**

Член 5

(1) Рутирање на повици до пренесени броеви се врши со вметнување на рутирачки броеви по методитеAll Call Query или други соодветни методи.

(2) За рутирање на повиците до пренесените броеви одговорен е:

а) операторот во чија мрежа повикот бил иницииран, во случај на повици оригинирани во домашна мрежа без избор или предизбор на оператор,

б) избраниот оператор, во случај на избор или предизбор на оператор,

в) операторот кој го опслужува повикот како меѓународен портал, во случај на меѓународни дојдовни телефонски повици.

г) операторот во чија мрежа повикот бил инициран до операторот што обезбедува пристап за крајниот корисник, во случај на повици оригинирани во домашна мрежа и се наменети за претплатници на оператор-корисник.

(3) Операторите и операторите-корисници ги рутираат сите повици (национални и меѓународни) до пренесени броеви во други мрежи без разлика на тоа дали постои договор за интерконекција за такви повици, притоа користејќи било кои од расположивите воспоставени директни или индиректни интерконекциски линкови.

(4) Операторите ги рутираат повиците до своите претплатници и/или до претплатниците на оператор-корисник добиени од други оператори и/или оператори-корисници и во случај кога бројот е во формат со вметнат рутирачки број (код на оператор и рутирачки код) пред повиканиот број и со NoA=8, во случај на повикување кон пренесени и не – пренесените броеви.

(5) Доколку операторите не се договорат поинаку, тогаш:

а) мобилниот оператор во чија мрежа повикот бил инициран без избор или предизбор на оператор, е одговорен за рутирање на повиците до пренесени броеви во сите мрежи во кои пренесениот број се наоѓа според методата All Call Query,;

* доколку мобилниот оператор ја користи методата All Call Query, форматот на Б бројот при рутирање кон друг оператор може да биде на два начини:

- за број кој припаѓа на операторот рутирање со Б број (пример: Број на корисник), а доколку е број пренесен во тој оператор рутирање со Код на оператор и Рутирачки код (пример: КО + РК + Број на корисник) и со NoA=8.

или

- без разлика дали бројот припаѓа на операторот или е број пренесен во тој оператор рутирање само со Код на оператор и Рутирачки код (пример: КО + РК + Број на корисник) и со NoA=8 .

б) фиксниот оператор во чија мрежа е инициран повикот без избор или предизбор на оператор, како и операторот што транзитира повици меѓу мрежи, е одговорен за рутирање на повиците кон пренесени броеви во мрежите на други оператори со примена на методата All Call Query

(6) За рутирање на SMS и MMS до пренесени броеви одговорен е:

а) мобилниот оператор од чија мрежа бил оригиниран SMS или MMS доколку SMS или MMS е оригиниран од домашна јавна мобилна комуникациска мрежа;

б) мобилниот оператор носител на правото за користење на број во случај на SMS и MMS што доаѓа од меѓународна мрежа и SMS и MMS генериран од јавна фиксна телефонска мрежа.

**Услови за пренесување на број**

Член 6

(1) Крајниот корисник може да поднесе барање за пренесување на еден, повеќе или на сите броеви вклучени во претплатничкиот договор.

(2) Крајниот корисник има право повторно да го пренесе пренесениот број на било кој друг оператор или оператор-корисник, вклучително на било кој претходен оператор или оператор-корисник.

(3) Крајниот корисник има право да иницира пренесување или повторно пренесување на претплатничкиот број кај друг оператор или оператор-корисник, во временски период не пократок од 30 дена од започнувањето на услугата од операторот или операторот-корисник.

(4) По пренесување на бројот, крајниот корисник треба да ги подмири сите обврски за раскинување на претплатничкиот договор кај операторот – давател или доколку има услуги од друг оператор поврзани со истиот претплатнички број да ги подмири сите обврски за раскинување на претплатничкиот договор кај операторот кој му нуди услуги на крајниот корисник преку големопродажната услуга од операторот давател.

(5) Операторот давател треба да го одбие барањето за пренесување број доколку:

а) барањето се однесува на број што не постои;

б) барањето е поднесено од неовластено лице кое се утврдува преку споредување на единствениот матичен број –ЕМБГ и бројот што се пренесува за физички лица или единствен даночен број – ЕДБ и бројот што се пренесува за правни лица

в) бараниот број веќе е во постапка за пренесување, односно веќе е поднесено барање за пренесување на истиот број;

г) бараниот број веќе е во статус на мирување;

(6) Операторите треба да обезбедат недискриминаторски услови за претплатниците со пренесени или не-пренесени броеви. Операторите треба да обезбедат континуитет на услугите се до започнувањето на временската рамка за предавање на број.

(7) Операторот прималел е обврзан да прифати барање на краен корисник за преносливост на претплатнички број, доколку крајниот корисник ги исполнува одредбите наведени во неговите општи услови.

(8) Неплатени сметки, договорни обврски или тековни приговори не можат да бидат причина за одбивање на барање за пренос.

## Начин за пренесување на број

Член 8

(1) Операторот прималтел преку ЦБП системот ќе го извести операторот давател дека крајниот корисник поднел барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број во рок не подолг од 2 (два) работни дена од моментот на приемот на барањето, освен во случај кога операторот прималтел треба претходно да утврди дали има техничка можност за спроведување на барањето за склучување на претплатнички договор со пренесување на број.

Периодот за утврдување тоа дали има техничка можност не треба да биде дискриминаторен и различен за новите претплатници кои се без барање за пренесување на број, новите претплатници кои се со барање за пренесување на број кај операторот прималтел, исто така и за претплатниците кои се обезбедуваат преку големопродажна услуга за друг Оператор-корисник кој се јавува како оператор прималтел, доколку истите ги обезбедува Операторот, односно периодот за проверка дали има техничка можност треба да биде ист за двата и /или трите случаи.

(2) Доколку известувањето од став 1 на овој член е поднесено до 12:00 часот во работен ден, операторот давател преку ЦБП системот ќе му одговори на операторот прималтел за прифаќањето на барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број или за негово одбивање со образложение во согласност со содржината на став (5) од член 6 на овој правилник во рок не подолг од 3 (три) часа по приемот на известувањето од став

(1) од овој член. Доколку операторот давател не одговари во предвидената временска рамка, се смета дека барањето е прифатено.

(3) Доколку известувањето од став (1) на овој член е поднесено после 12:00 часот во работен ден или во тек на неработен ден, операторот давател преку ЦБП системот ќе му одговори на операторот прималтел за прифаќањето на барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број или за негово одбивање со образложение во согласност со содржината на став (5) од член 6 на овој правилник во рок не подолг од 3 (три) часа од почетокот на работното време на следниот работен ден. Доколку операторот давател не одговари во предвидената временска рамка, се смета дека барањето е прифатено.

(4) Операторот давател не смее на било каков начин да го контактира крајниот корисник што поднесол барање за склучување претплатнички договор со пренесување на број кај оператор прималтел, за да му понуди подобар тарифен модел или друга бенефиција, до завршувањето на постапката за пренесување на број.

(5) Операторот давател не смее да презема активности насочени кон одвраќање на крајниот корисник од преносот на бројот, освен ако крајниот корисник сам побара информации во врска со постојниот договор

(6) Операторот прималтел може да го извести крајниот корисник за прифаќање или за одбивање на барањето во рок не подолг од 3 (три) часа по прием на одговорот од ставовите (2) и (3) на овој член и да го информира за понатамошниот процес за пренесување на бројот. Во случај на одбивање на барањето, претплатничкиот договор склучен согласно став (1) од член 7 на овој правилник нема да предизвика никакви правни дејствија и истиот е неважечки.

(7) Во случај на пренесување на негеографски претплатнички број, рокот за завршување на постапката за пренесување на број е крајот на следниот работен ден од денот на поднесеното барање во ЦБП.

(8) Во случај на пренесување на претплатнички број за јавна фиксна телефонска услуга рокот за завршување на постапката за пренесување на број е еден работен дена од денот на прифаќањето од страна на операторот давател.

(9) По отстранување на причините за одбивање на барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број од став (5) на член 6 од овој правилник, крајниот корисник поднесува ново барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број.

(10) Временската рамка за пренесување на бројот започнува со внесувањето на барањето за пренесување во ЦБП системот. Во случај на барање за пренесување на повеќе од 1000 броеви на еден краен корисник операторот давател може да побара од Агенцијата согласност за пролонгирање на рокот од овој став.

(11) Во случај на грешка при записот во ЦБП системот, операторот примател може да го поништи барањето за пренесување на број се до моментот на негово одобрување или одбивање од страна на операторот давател. Доколку барањето е одговорено од страна на операторот давател, се применува став 10 од член 4 на овој правилник.

**Пренесување на број со истовремено користење на големопродажна услуга**

Член 9

Во случај на пренесување на број истовремено со разврзан пристап на локална јамка или изнајмување на големо на претплатнички линии, операторите го договараат датумот на изведбата и за пренесување на бројот, кој не може да биде подолг од 10 (десет) работни дена од денот на поднесување на барањето за склучување на договор со пренесување на број кај операторот-корисник од страна на крајниот корисник.

**Надоместок за користење на пренесени броеви**

Член 10

Надоместокот за користење на броеви кои се пренесени на друг оператор, согласно со членот 134 од Законот за електронски комуникации, е уреден во член 34 став 8 од Законот.

**Надоместоци за услугите поврзани со преносливост на број**

Член 11

(1) Сите надоместоци кои се наплаќаат во постапката на пренос на број помеѓу операторите на јавно достапни комуникациски услуги помеѓу лица, кои користат нумерација треба да бидат базирани на трошоци помеѓу операторите, без било какви трошоци за крајните корисници.

(2) Еднократната сума за покривање на трошоците за пренос на подредена серија на броеви по мрежна завршна точка е идентична како за пренос на еден број.

(3) Операторите не можат повиците кон пренесените броеви да ги наплатуваат поскапо од повиците кон другите броеви во иста јавна електронска комуникациска мрежа кои што се употребуваат за обезбедување на истите јавни електронски комуникациски услуги, а не се пренесени од нивната јавна електронска комуникациска мрежа.

(4) Операторите не можат да применат повисоки цени за интерконекција за повици кон пренесени броеви во однос на повици кон не-пренесени броеви што се употребуваат за обезбедување на исти јавни електронски комуникациски услуги.

(5) Доколку операторот во чија мрежа е започнат повикот кон пренесениот број нема склучено договор за директна интерконекција со операторот кај кого се наоѓа повиканиот пренесен број, операторот таквите повици нема да ги наплатува по повисока цена од цената која тој оператор ја наплатува за повиците кон сите останати броеви кои не се пренесени кај тој оператор.

**Право над пренесен број**

Член 12

(1) При склучување на претплатнички договор со пренесување на број, операторот носител на право за користење на број и понатаму пред Агенцијата се легитимира како носител на правото за користење на доделените броеви и/или серии на броеви.

(2) Во случај на раскинување на претплатничкиот договор со пренесување на број, операторот примател е должен во рок не подолг од 7 (седум) работни денови од денот на деактивирање на бројот, да ја извести Агенцијата при што ќе го наведе точниот датум на деактивирање. По истекот на времето на мирување согласно општите услови на операторот носител на право за користење на број, може да го активира бројот. Во периодот на мирување обврската за подмирување на годишниот надоместок за користење на бројот е на операторот примател.

(3) Оператор носител на право за користење на број не смее да откаже доделена серија од најмалку 1000 броеви во која има активен барем еден пренесен број во друг оператор.

(4) Во случај кога оператор или оператор корисник, носител на правото за користење на број чии броеви се пренесени кај други оператори, ќе прекине да ги обезбедува своите услуги, доделените серии на броеви Агенцијата ги доделува повторно (re-assignment) на други оператори.

(5) Во случај на спор меѓу оператори, Агенцијата постапува согласно одредбите од членовите 52 од Законот за електронските комуникации.

III. ЦЕНТРАЛНА БАЗА НА ПОДАТОЦИ (ЦБП) ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА БРОЕВИ

**Развој, управување и одржување на ЦБП системот**

Член 13

(1) Агенцијата за електронски комуникации го развива, управува и одржува ЦБП системот преку организациона единица во рамките на Агенцијата или со пренесување на вршењето на овие работи на друго физичко или правно лице избрано по пат на јавен тендер.

(2) Агенцијата ги покрива трошоците за воспоставување и работење на ЦБП системот од надоместокот за користење на доделени броеви и серии на броеви.

**Содржина на податоците во ЦБП системот**
**и начинот на работење со нив**

Член 14

(1) Управувањето со податоците за операторите содржани во Прилог 1 кој што е составен дел на овој правилник, го организира Агенцијата за електронски комуникации и истите ги одржува во ЦБП системот.

(2) Операторите ги внесуваат податоците во врска со барањата за пренесување на број вклучувајќи ги и рутирачките броеви во електронска форма во согласност со интерфејсот и апликацијата на ЦБП системот во рамките на трансакциите со ЦБП системот.

(3) Агенцијата може да изврши трансакции врз основа на писмено барање од оператор доколку операторот е привремено спречен да пристапи на ЦБП системот како резултат од привремени технички проблеми со образложение за причината.

(4) Операторот превзема (download) пораки од ЦБП системот и ги ажурира во целост своите податоци во периодот од 16:01 до 18:00 часот секој работен ден.

(5) Секој оператор пристапува на податоците за рутирање на пренесените броеви на еднаква основа.

(6) Размената на податоците е во електронска форма преку сигурен и заштитен линк на начин што овозможува гарантиран интегритет на содржината на трансакцијата и гарантирана идентификацијата на страната која ја врши трансакцијата.

(7) Во ЦБП системот сите трансакции треба да бидат евидентирани (log) и архивирани заради утврдување на одговорноста за трансакцијата. Операторите немаат право на пристап до архивата на евидентираните трансакции (log-ови). Врз основа на оправдано писмено барање од оператор Агенцијата може да ги даде побараните податоци од архивата на евидентираните трансакции (log-ови).

(8) Деталниот технички опис за трансакциите и на комуникацискиот интерфејс помеѓу ЦБП системот и операторите, како и нивни идни измени, по усогласувањето со операторите, Агенцијата ќе го објави на својата веб-страницата.

**Управување со податоци**

Член 15

(1) ЦБП системот треба да биде функционален да прима податоци за рутирање од операторите во секое време и мора да овозможи непрекинат пристап на операторите согласно со нивното право на пристап.

(2) Агенцијата е одговорна да обезбеди податоците зачувани во ЦБП системот да бидат идентични со податоците внесени од операторите.

(3) Операторот примател е обврзан да ги внесе податоците во врска со пренесените броеви во ЦБП системот без грешки.

(4) Операторите се должни да ги ажурираат своите локални бази (ЛБП) со ЦБП системот до завршувањето на временската рамка за предавање на број.

(5) За потребите на ЦБП системот, работен ден се смета секој работен ден што не е државен празник или празник согласно Законот за празниците на Република Северна Македонија од 08:00 до 16:00 часот.

(6) ЦБП системот ги ефектуира сите барања за пренесување на броеви само во дефинираната временска рамка за предавање на броеви.

(7) ЦБП системот ќе одбие нерегуларно барање за пренесување на броеви (барање со несоодветен формат, некомплетно барање или ненавремено поднесено барање) и за тоа ќе го информира операторот примател кој го внел барањето за пренесување на број.

**Процедури за превземање на податоци (downloading)**

Член 16

(1) Операторот може да иницира превземање на податоци за рутирање во секое време.

(2) Податоците за рутирање можат да се превземат со процедури определени во деталниот технички опис на трансакциите и на комуникацискиот интерфејс помеѓу ЦБП системот и операторите од член 14 став (8)на овој правилник.

**Процедури за внесување на податоци**

Член 17

(1) Процедурите за внесување на податоци за рутирање се следните:

(а) запис за пренесување;

(б) проверка на запис за пренесување;

(в) прекинување на употреба на бројот.

(2) Записот за пренесување не се менува за време на процедурата за пренесување на броеви во ЦБП системот. Во случај на барање за промена на податоците, записот треба да биде откажан во ЦБП системот при што започнува нова процедура за пренесување на броеви во ЦБП системот.

**Запис и проверка на запис за пренесување на броеви**

Член 18

(1) Записот во ЦБП системот за пренесување на број го врши операторот примател.

(2) Записот за пренесување на број треба да содржи:

(а) идентификатор на трансакцијата;

(б) код на операторот давател и операторот примател;

(в) рутирачки код на операторот примател;

(г) број што се пренесува, а во случај на пренесување на одредена серија на броеви почеток и крај на пренесената подредена серија на броеви;

(д) временска рамка за предавање на броеви;

(ѓ) единствениот матичен број –ЕМБГ за физичко лице или единствен даночен ЕДБ за правни лица.

(3) Записот за пренесување на број, може да содржи и дополнителна информација за идентификување, име и презиме за физички лица или назив за правен субјект. Недоставувањето на дополнителната информација, неможе да биде причина за одбивање на барањето за пренесување на број.

**Откажување на запис за пренесување на броеви**

Член 19

Операторот примател не може да откаже запис за пренесување на број по одобрување или одбивање на барањето од страна на операторот давател во ЦБП системот.

**Прекинување на употреба на пренесен број**

Член 20

(1) Операторот примател треба да го извести ЦБП системот доколку пренесен број престанува да се употребува поради раскинување на претплатнички договор во рок не подолг од 3 дена по раскинувањето на претплатничкиот договор со корисникот.

(2) Известувањето за прекинување на употреба на пренесен број треба да содржи:

(а) идентификатор на трансакцијата,

(б) код на операторот кој обезбедува пристап на краен корисник,

(в) рутирачки код,

(г) број што бил пренесен, а во случај на пренесена одредена серија на броеви почеток и крајот на пренесената подредена серија на броеви;

(д) време на прекинувањето.

(3) ЦБП системот ќе ја поништи информацијата за рутирање наменета за бројот или серијата од броеви во базата на податоци со почеток од временската рамка која соодветствува на времето на прекинување.

**Управување со податоците за операторите**

Член 21

(1) Агенцијата доделува и одзема кодови на оператори и објавува ажурирана листа на доделените кодови на оператори на својата веб страна.

(2) Агенцијата ги внесува податоците за операторите во ЦБП системот и на операторите им доделува соодветна идентификација и автентификација за пристап за вршење на трансакции со ЦБП системот.

(3) Операторот е обврзан да ги обезбеди податоците дадени во Прилог 1 на овој Правилник за ЦБП системот. За било каква промена на податоците од Прилог 1 на овој Правилник, операторот е должен да ја извести Агенцијата во рок не подолг од 3 (три) работни дена од денот на промената.

(4) Во случај на одземање на код на оператор, Агенцијата во ЦБП системот ги прави неважечки податоците за операторот.

**Пријава и решавање на грешки**

Член 22

(1) Агенцијата ги регистрира сите испади на ЦБП системот во сопствената евиденција.

(2) Операторот може да пријави испад на ЦБП системот во секое време по факс или e-mail верификуван со дигитален сертификат.

(3) Пријавата за грешка треба да го содржи следното:

(а) име на операторот;

(б) име на лицето кое ја пријавува грешката, име на корисникот на операторот и телефонски број, код на операторот;

(в) точен опис на грешката;

(г) начин на детектирање на појавувањето на грешката;

(д) време и датум на детектирање на грешката;

(ѓ) време и датум на пријавата.

(4) Агенцијата по известувањето за грешка ќе отпочне со анализирање на грешката. По завршување на анализата, Агенцијата ќе го извести операторот за причината за грешка и за очекуваното време за кое грешката ќе се исправи. Во случај на испад на ЦБП системот со поголемо времетраење, Агенцијата ќе ги извести операторите и ќе наложи во времетраењето додека ЦБП системот не е функционален да не се врши пренесување на броеви.

(5) Агенцијата подготвува запис за пријавата на грешка и обезбедува информации на сите оператори по затворањето на процесот за исправка на грешки.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Престанување на важност**

Член 23

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за преносливост на број („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2015, 205/2016 и 70/2023).

**Влегување во сила**

Член 24

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) По влегувањето во сила овој правилник ќе биде објавен на веб - страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0101-1605/6
14 јули 2026 година
Скопје

Директор,
**Нусрет Халити,** с.р.

ПРИЛОГ 1

**Формулар за податоци на оператор**
**за употреба на ЦБП системот**

*Податоци за операторот:*
Име:
Даночен број:

*Податоци за лицето за контакт на операторот, за развој на софтвер/интерфејс во врска со ЦБП системот:*
Организациска единица:
Адреса на работа:
Телефон:
Факс:
E-mail на работа

*Податоци за лицето за контакт на операторот, за управување со барања за пренесување на број:*
Организациска единица:
Адреса:
Телефон:
Факс:
E-mail:

Именуваните лица за контакт на операторот се овластени да работат во името на операторот за цели поврзани со ЦБП.

*Рутирање до пренесен број:*
Одговорен оператор:

Датум..........................

....................................................

овластен потписник

**ПРИЛОГ 2**

**Барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број**

Јас долупотпишаниот .......................................................................................................... 1,2 БАРАМ и СЕ СОГЛАСУВАМ претплатничкиот договор склучен со ............................................................................ (оператор на јавна електронска комуникациска мрежа) за обезбедување на јавни телефонски услуги, за претплатничката линија/линии со повикувачки број/броеви ............................................................................ да биде раскинат поради моето барање за пренесување на број/броеви.

Јас долупотпишаниот .................................................................................... ИЗЈАВУВАМ дека ќе ги исполнам сите обврски кои произлегуваат од истиот договор, заедно со обврските кои произлегуваат од самото раскинување и евентуалните казнени пенали коишто сум обврзан да ги платам заради предвременото раскинување на договорот.

СЕ СОГЛАСУВАМ раскинувањето на претплатничкиот договор за претплатничката линија/линии наведен во претходниот став да стапи на сила со моментот на фактичкото пренесување на бројот/броевите за кој/кои се бара пренесувањето од операторот на јавна комуникациска мрежа ............................................................................................ (операторот давател) до операторот на јавна комуникациска мрежа ............................................................................................ (операторот примател).

Во случај пренесувањето на бројот/броевите наведен/и во став 1 од ова барање да не стапи на сила, тогаш и моето барање за раскинување на претплатничкиот договор нема да стапи на сила.

ИЗЈАВУВАМ дека сакам да го искористам моето право на преносливост на број согласно член 134 од Законот за електронските комуникации и ИЗЈАВУВАМ дека го избирам ............................................................................................ (оператор на јавна комуникациска мрежа) за обезбедување на јавни телефонски услуги со кој склучувам претплатнички договор со задржување на мојот/моите повикувачки број/броеви наведени во став 1 од ова барање.

СЕ СОГЛАСУВАМ претплатничкиот договор склучен со операторот на јавна комуникациска мрежа ............................................................................................ (операторот давател) да биде раскинат за претплатничката линија/линии со повикувачки број/броеви за кои барам да бидат пренесени. Воедно го ОВЛАСТУВАМ операторот на јавна комуникациска мрежа ...................................................................... (операторот примател) во мое име и за моја сметка да го проследи ова мое барање за раскинување на претплатничкиот договор со операторот давател, како и да настапува пред операторот давател во текот на процедурата за пренесување на бројот/броевите.

ИЗВЕСТЕН СУМ дека поднесеното барање за пренесување на број неможе да биде прекинато на мое барање во текот на постапката.

Претплатник
Име и презиме [1] / Назив [2]:
.......................................................................................................................
Татково име[1] / Судски регистерски број [2] :
.........................................................................................
ЕМБГ [1] / ЕДБ [2] :
....................................................................................................................................
Адреса [1] / Адреса на седиштето [2] :
.......................................................................................................

Адреса на приклучокот (доколку е различна од горенаведената адреса)
.......................................................................................................

Повикувачки број/броеви кои ќе се пренесуваат:
................................................................................
.......................................................................................................................................
......................

............................................
.......................................
(место и датум) (потпис [1,2] и печат[2])

................................................
............................................................
(потпис [1,2]) (име и презиме на овластеното лице)
[1] за физички лица
[2] за правни лица

................................................
(време на поднесување - hh:mm)

Јас долупотпишаниот ...........................................................................ИЗРИЧНО СЕ СОГЛАСУВАМ дека операторот на јавна комуникациска мрежа (операторот прималтел) ........................................................................ може да му ги пренесува моите податоци на операторот на јавна комуникациска мрежа ........................................................................ (операторот давател) и Агенцијата за електронски комуникации за процедурата за пренесување на бројот/броевите.

...........................................
(потпис [1,2])

[1] за физички лица
[2] за правни лица